# Е-ИНФО 55

ПАКОМАК
СЕЛЕКТИРАЈ
ИДНИНА

## АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ЗА ПЕРИОД ЈУЛИ, АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

PRO Europe
Packaging Recovery Organisation Europe

# АМБАЛАЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА „ПАКОМАК“ ЗА ПЕРИОД ЈУЛИ, АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА. ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ ЧИЈА ЦЕЛ Е ПРОМОЦИЈА НА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКЦИЈА И ПРЕРАБОТКА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД.**

**ЈУЛИ, АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА**

## 1 ПАКОМАК & ЛАДНА – КОБРЕНДИНГ ПОДМЕТАЧИ ЗА РЕСТОРАНИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ

Пакомак ги користи сите начини да ја пренесе пораката за селектирање на отпадот од пакување и заштитата на животната средина. Еден од тие начини е подметачите во ресторанитe низ нашата држава.



# 2 СОРАБОТКА СО ЕКО ИНФЛУЕНСЕРОТ КРИСТИЈАН

Во соработка со еко-инфлуенсерот Кристијан, во организација на Агенда 21, беа изработени едукативни и инспиративни видеа на социјалните медиуми. Преку неговиот ангажман и автентичен пристап, пораките за рециклирање и заштита на животната средина допираат до голем број млади луѓе. Овие содржини придонесуваат за подигнување на еколошката свест и промовирање позитивни навики во секојдневието.






# 3 СОРАБОТКА СО ИНФЛУЕНСЕРОТ АЛЕКСАНДАР МИХАЈЛОВСКИ

Во рамките на соработката со инфлуенсерот Александар Михајловски беа изработени и објавени видео материјали на социјалните мрежи, кои на креативен и забавен начин ја пренесуваат пораката за грижа за животната средина и рециклирање. Преку неговото влијание, содржината допира до поширока публика и придонесува за зголемување на еколошката свест кај младите.



# 4 ПОДДРШКА НА МЛАДИНСКА ОЛИМПИЈАДА

Европскиот младински олимписки фестивал кој оваа година се одржа во Скопје ни донесе над 2500 талентирани спортисти од 48 европски земји.

Како горд еколошки и логистички партнер Пакомак ги вложи сите свои ресурси со поставување опрема за селектирање на пластика и лименки на повеќе од 20 локации каде што се оддржуваат спортските натпреварувања. Во овие мини „зелени арени" млади еко амбасадори-едукатори ги насочуваа посетителите правилно да ги селектираат своите пластични шишиња и лименки во Пакомак корпите и ги едуцираа повеќе околу еколошките навики.





# 5 ВИДЕО КЛИП ЗА СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ ЗА НАВИКИТЕ ЗА ЧУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА ВО НОРВЕШКА

Нашиот пријател Ларс од Норвешка ни покажа колку е важна тема чистата животна средина во неговата земја






# 6 СОРАБОТКА СО АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ НА РМ

Во соработка со Археолошкиот музеј беше снимено првото видео од играниот серијал “Ре Акт Мастерклас” кој има за цел да не научи како да се грижиме за природата и истовремено да ја чуваме нашата историја.




# 7 ПР АКТИВНОСТИ

Пакомак со својата голема логистичка поддршка на Младинските олимписки игри само во првиот ден собра над 7.000 парчиња шишиња.



# 8 СОРАБОТКА СО АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ НА РМ

Снимање и емитување на второто видео од играниот серијал “Ре Акт Мастерклас” во соработка со Археолошкиот музеј.






# 9 ПРОМОЦИЈА СО ПИВАРА СКОПЈЕ НА ВЕНДИНГ МАШИНИТЕ

Во соработка со Пивара Скопје и производителот на лименки Ball се организираше промоција на вендинг машините. Корисниците на вендинг машините можеа за секој поврат на лименка скопско пиво да добијат 5 зелени поени (Пакомак - 1 зелен поен, Пивара Скопје – 2 зелени поени, Ball - 2 зелени поени)

Со оваа промоција за само 40 дена беа собрани над 220.000 лименки и истите беа однесени на рециклирање.



# 10 ТИКЕТИНГ СИСТЕМ – ВО ФУНКЦИЈА

Пакомак секогаш се стреми за дигитализација на процесите. Благодарение на тоа Пакомак имплементираше систем за евиденција на сите повици и коментари во врска со своите активности со цел навремени одговори и реакција од страна на компанијата на национално ниво.Со овој систем сите телефонски повици, емаилови и повици на дежурниот мобилен телефон за вендинг машините ќе бидат навремено одговорени.

# 11 КОРИСНИЦИ НА МОБИЛНАТА АПЛИКАЦИЈА НА ПВМ ЗАКЛУЧНО СО СЕПТЕМВРИ

Заклучно со септември, мобилната апликација на Повратните Вендинг Машини е превземена вкупно 58.014 пати. Бројката континуирано расте, со просечно околу 1.000 нови корисници секој месец, што укажува на стабилен и постојан интерес за апликацијата.

## 12 СОРАБОТКА СО АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ НА РМ

Во рамките на соработката со Археолошкиот музеј на Република Македонија, беше снимен и објавен и третиот, воедно последен видео клип од играниот серијал „РеАкт Мастерклас“. Соработката продолжува успешно да го подигнува интересот и свеста кај јавноста.




## 13 СИТИ МОЛ СОРАБОТКА

Во рамките на соработката со Сити Мол, беше извршено брендирање на просторот во Food Court-от со еколошки пораки. На овој начин, посетителите добиваат потсетник за важноста на одговорното однесување кон животната средина, Соработката има за цел да ја подигне свеста за екологијата во една од најпосетените градски зони.



# 14 НАСТАН 15 ГОДИНИ ПАКОМАК

Пакомак го прослави својот 15-годишен јубилеј под мотото „15 години зелени навики“, одбележувајќи една и пол деценија работа посветена на рециклирањето и заштитата на животната средина. Настанот се одржа во ресторан „Дион Стенковец“, заедно со партнери и поддржувачи. Од основањето во 2010 година, Пакомак прерасна во водечки систем за селекција и собирање амбалажен отпад во земјата. Денес соработува со стотици компании и општини, поставувајќи контејнери и ПВМ машини низ целата држава. Јубилејот претставува признание за успешната работа и мотив за уште поголеми достигнувања во иднина.









# 15 СОРАБОТКА СО ОКТОБЕР ФЕСТ

Пакомак, во соработка со Октоберфест, постави јасно обележани канти за селекција на отпад, со цел посетителите да се поттикнат на одговорно однесување и рециклирање. На овој начин, настанот доби силна еколошка нота, а гостите имаа можност активно да придонесат кон почиста и поодржлива атмосфера.





# 16 СКОПЈЕ ВИНИЛ КОНВЕНЦИЈА

На Скопје Винил Конвенцијата беше поставен специјален еко-корнер со брендирани канти за отпад, со цел посетителите да се поттикнат на правилно одложување и рециклирање. На овој начин, настанот доби и еколошка димензија, а публиката беше охрабрена да придонесе кон почиста и поодржлива средина.








# 17 СОРАБОТКА СО ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Во рамките на соработката со Фудбалската федерација на Македонија поставивме едукативни банери и брендирани канти, со што сакаме на најмладите спортисти – но и на нивните родители – да им ја пренесеме пораката за важноста од заштита на животната средина и рециклирањето. Преку овој партнерски ангажман се поттикнуваат здрави навики и одговорно однесување, како на спортските терени така и во секојдневието.







СЕЛЕКТИРАЈ
ИДНИНА®

ПАКОМАК